# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА КУЛТУРАТА

## ГЛАВА ПРВА

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Предмет на уредување на Законот

### Член 1

Со овој закон се уредуваат организацијата и облиците на остварување на културата, основањето, раководењето, управувањето во установите од областа на културата, надзорот над остварување на законот и другите прописи од областа на културата, начинот и условите на финансирање на остварувањето на културата, како и други прашања од интерес за остварување на културата.

### Дејности од областа на културата

### Член 2

(1) Културата во смисла на овој закон, се остварува преку дејности од областа на културата и тоа:

- издавање публикации со уметничка, научна и образовна содржина (издавачка дејност);
- подготвување и јавно изведување музички, оперски, балетски, танцови и други уметнички дела, како и народни песни и игри и дела од фолклорот (музичка и сценско-музичка дејност);
- подготвување и јавно изведување на драмски, куклени и други уметнички дела (драмска дејност);
- продукција, дистрибуција и прикажување на аудиовизуелни дела (аудиовизуелна дејност);
- споменичка дејност;
- музејска дејност;
- библиотечна дејност.
- дејност за заштита на аудиовизулни добра.

(2) Организирањето и јавното презентирање, изложувањето, изведувањето и другото слично објавување на веќе објавени домашни и странски дела и изведби од областа на културата во Републиката и странство, како и собирањето и обработката на податоци за објавените дела и изведби се смета за дејност од областа на културата.

(3) За дејност од областа на културата се смета и проектирањето и изведувањето на архитектонски и други дела со уметнички содржини.

(4) Вршењето на дејностите од став 1 алинеја 5, 6, 7 и 8 на овој член се регулира со посебни закони.

(5) Вршењето на дејностите од областа на културата е од јавен интерес.

## ГЛАВА ВТОРА
## ОСНОВНИ НАЧЕЛА ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА КУЛТУРАТА

### Право на слободно творештво

### Член 3

(1) Независно од возраста, образованието, верската, националната или друга припадност, секој има право на слободно творештво.

(2) Секој има право да ја остварува културата, врз основа на сопствена одлука и со сопствени средства, со профитна или со непрофитна цел, под услови утврдени со овој и друг закон.

(3) Авторите и носителите на сродните права имаат право на заштита на моралните, материјалните и на другите права, утврдени со закон.

### Културни права на припадниците на заедниците во Република Македонија

### Член 4

(1)Припадниците на заедниците во Република Македонија имаат право слободно да го негуваат, да го изразуваат и да го афирмираат културниот идентитет.

(2) Република Македонија создава услови за остварување на културата на припадниците на заедниците и ги поттикнува културните содржини со кои се остварува интеркултурен дијалог меѓу сите граѓани во Република Македонија.

### Културна разновидност

### Член 5

(1) Република Македонија го поттикнува развојот на формите со кои се придонесува кон развивање на културна интеракција меѓу сите граѓани во Република Македонија и кон заштита и унапредување на разновидноста во културните изразувања.

(2) Остварувањето, унапредувањето и заштитата на културната разновидност се во функција на одржливиот развој и развојните политики на Република Македонија.

(3) Република Македонија го потикнува развојот на културните индустрии, облиците на аматерското делување на културата, сочувувањето и развојот на традиционалните занаети и вештини.

Право на култура на лицата со посебни потреби

Член 6

Република Македонија гарантира учество во културата на лицата со посебни потреби, преку финансирање на проекти и преку развивање на форми со кои се овозможува нивно учество во културата и достапност до културните вредности.

Поддршка на активности на децата

Член 7

(1) Јавните установи од областа на воспитанието, образованието, науката, културата организираат, изведуваат и реализираат програми со содржини, со кои децата се стекнуваат со знаења за културата на Република Македонија, се подига свеста за значењето во културата и се популаризираат вредностите на културата.

(2) Националните установи од областа на културата, во соработка со воспитно-образовните установи се должни во Програмата за работа на установата да предвидат остварување на културни активности за децата и да развијат форми со кои се овозможува активно учество на децата во нивната реализација.

ГЛАВА ТРЕТА

НАЦИОНАЛЕН И ЛОКАЛЕН ИНТЕРЕС ВО КУЛТУРАТА

Национален интерес во културата

Член 8

Национален интерес во културата, според овој закон, е културата што е заеднички интерес за граѓаните на Република Македонија и е неопходно нејзино континуирано вршење, како и достапност за сите граѓани под еднакви услови.

Локален интерес во културата

Член 9

(1) Локален интерес во културата, според овој закон, е културата што е од локално значење за граѓаните во единицата на локалната самоуправа.

(2) За утврдување на долгорочни или краткорочни цели за развој на културата на локално ниво, советот на единицата на локалната самоуправа донесува Стратегија за развој на културата.

## ГЛАВА ЧЕТВРТА
## АКТИ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА НАЦИОНАЛНИОТ ИНТЕРЕС ВО КУЛТУРАТА

### Национална стратегија

### Член 10

(1) Националната стратегија за развој на културата е стратегиски документ со кој се утврдуваат долгорочни цели и приоритети за развој на културата и се утврдуваат организациски, финансиски и административни мерки за нивно остварување (во натамошниот текст: Национална стратегија).

(2) Националната стратегија ја донесува Собранието на Република Македонија за период од десет години.

(3) Во изработката на Националната стратегија, Министерството за култура вклучува и претставници на установи од областа на културата, научни установи, граѓанскиот сектор и други релевантни субјекти.

(4) Предлогот на Националната стратегија се става на јавна расправа, пред да биде доставен до Собранието на Република Македонија.

### Акциски план

### Член 11

Националната стратегија содржи и Акциски план за реализација со дефинирани активности, динамика, носители на активности и проекции на буџетски и вонбуџетски средства, како и критериуми и индикатори за евалуација на спроведувањето на Националната стратегија.

### Извештај за реализација на Националната стратегија

### Член 12

(1) Министерствата, во рамките на нивните законски надлежности, учествуваат во реализацијата на Националната стратегија.

(2) За остварување на Националната стратегија, Министерството за култура еднаш годишно доставува извештај до Собранието на Република Македонија.

Годишни планови за остварување на националниот интерес во културата

Член 13

За реализација на Националната стратегија, министерот за култура донесува Годишни планови за остварување на националниот интерес во културата (во натамошниот текст: Годишен план).

## ГЛАВА ПЕТТА
## СУБЈЕКТИ КОИ ЈА ОСТВАРУВААТ КУЛТУРАТА

Член 14

Културата ја остваруваат уметници,самостојни уметници, јавни и приватни установи и други правни и физички лица, под услови и на начин утврдени со овој закон.

Уметник

Член 15

Уметник е секое физичко лице кое создава или изведува дело од областа на уметничкото творештво, односно дело од народното творештво.

Самовработено лице во културата

Член 16

Уметникот од член 15 на овој закон, како и друго лице кое врши стручни работи од областа на културата може во постапка пропишана со закон да се регистрира во Централниот регистар на Република Македонија како самовработено лице и да се пријави како самовработено лице во Агенцијата за вработување на Република Македонија (во натамошниот текст: самовработено лице во културата).

Оддел 1

Самостоен уметник

Поим на самостоен уметник

Член 17

Уметникот од член 15 на овој закон, како и друго лице кое врши стручни работи во културата, во вид на занимање, може под услови утврдени со овој закон да добие статус на самостоен уметник.

Статус на самостоен уметник

Член 18

(1) Статус на самостоен уметник во културата може да стекне лицето од член 17 на овој закон под услов:

- да е регистрирано во Централниот регистар на Република Македонија како самовработено лице,
- да е пријавено во Агенцијата за вработување на Република Македонија, како самовработено лице,
- да е државјанин на Република Македонија,
- да не е на редовно образование и
- да има објавено творештво, односно да има реализирани работи и трудови од културата во Република Македонија.

(2) Статусот на самостоен уметник трае три години, со можност да се продолжи.

(3) Продолжувањето на статусот на самостојниот уметник, се врши врз основа на Конкурсот од член 19 став (2) на овој закон и во постапка пропишана со овој закон.

(4) Основен критериум за стекнување на статус на самостоен уметник се уметничките вредности на неговото творештво и неговите активности во текот на последните пет години континуирано вршење на творечка дејност.

(5) Посебни критериуми по одделни видови на творештво и стручни работи во културата, постапката за добивање на статус на самостоен уметник ја утврдува министерот за култура.

Стекнување на статусот

Член 19

(1) Статусот на самостоен уметник го доделува министерот за култура, по предлог на стручна комисија, врз основа на Конкурс што го распишува Министерството за култура во месец септември во тековната година за наредната година.

(2) Конкурсот се објавува во средствата за јавно информирање и трае 30 дена од денот на објавувањето.

(3) На Конкурсот, лицето од член 15 на овој закон доставува барање со :

- лични податоци (име, презиме, адреса),
- податоци за неговата досегашна работа и
- докази за исполнување на условите од член 18 став (1) на овој закон.

(4) Право на учество на Конкурсот има лице кое прв пат конкурира за добивање на статус на самостоен уметник и лице на кое статусот на самостоен уметник му истекол или престанал во постапка пропишана со овој закон.

Престанување на статус на самостоен уметник

Член 20

Статусот на самостоен уметник престанува ако самостојниот уметник:

- се наоѓа на издржување на затворска казна подолго од шест месеци, од денот на почнувањето на издржување на казната,
- добие статус на редовен студент,
- исполни услови за остварување право на пензија,
- по истекот на времетраењето на статусот на самостоен уметник,
- доколку повеќе од една година делува и твори надвор од Република Македонија и
- не достави извештај за својата работа до Министерството за култура, во рокот утврден во член 22 алинеја 3 на овој закон и
- ако врз основа на извештајот за работа, Министерството за култура утврди дека обемот и квалитетот на работа на самостојниот уметник во годината на која се однесува извештајот е на незадоволително ниво.

Регистар на самостојни уметници

Член 21

(1) Министерството за култура води регистар на самостојни уметници во културата кои во постапка пропишана со овој закон се стекнале со статус на самостоен уметник.

(2) Содржината и начинот на водење на регистрот од став (1) на овој член ги пропишува министерот за култура.

Должности на самостојниот уметник

Член 22

Самостојниот уметник, е должен:

- во работата со трети лица да ја користи ознаката „самостоен уметник“,
- веднаш, односно најдоцна во рок од 15 дена да го извести Министерството за култура за настанување на причините за престанувањето на статусот и
- да доставува годишен извештај за својата работа до Министерството за култура во месец јануари во тековната година за претходната година

Права на самостојниот уметник

Член 23

(1) Самостојниот уметник може да остварува приходи со продажба на своите дела, односно со вршење стручна работа и давање услуги или на друг начин.

(2) За самостојните уметници кои во постапка пропишана со овој закон се стекнале со статус на самостоен уметник, обврзник за пресметка и уплата на придонесот за задолжително здравствено осигурување, дополнителниот придонес за задолжително здравствено осигурување во случај на повреда на работа и професионално заболување, придонесот за задолжително пензиско и инвалидско осигурување е Министерството за култура, а плаќањето се врши со средства од Буџетот на Република Македонија**.**

Оддел 2

УСТАНОВИ

Поим на установа

Член 24

Установа, според овој закон, е правно лице што врши дејност од областа на културата, со непрофитна цел.

Основање на установата

Член 25

(1) Установа основа физичко или правно лице под услови утврдени со закон.

(2) Установа може да основа и странско физичко или правно лице под услови утврдени со закон.

Видови установи според основачот

Член 26

(1) Установата, според основачот, може да биде приватна или јавна.

(2) Јавната установа може да биде локална кога ја основа единицата на локалната самоуправа (во натамошниот текст: локална установа ) или национална, кога ја основа државата.

(3) Приватна установа основаат физички или правни лица.

Акт за основање на установата

Член 27

(1) Основачот донесува акт за основање на установата. Со актот за основање се утврдуваат видот, називот, седиштето, дејноста, средствата и имотот за работа и рокот во кој ќе се конституира и ќе се изврши упис на установата во Централниот регистар на Република Македонија, организацијата, раководењето и управувањето на установата.

(2) Со актот за основање се именува и вршител на должноста директор како лице кое ќе ги води работите до конституирање на установата и се утврдува и рокот во кој ќе се именува управен одбор, ќе се донесе статутот и ќе се распише конкурс за избор на директор.

(3) Називот на установата ја содржи ознаката „национална, односно локална, односно приватна установа", а може да содржи и други ознаки како: дејноста за којашто е регистрирана, нејзиното седиште и други додатоци (цртежи, слики и слично) за поблиско одбележување на нејзината работа. Називот може да се употребува и како стоковен жиг, доколку со закон не е определено поинаку

(4) Називот на националната установа се пишува на македонски јазик и неговото кирилско писмо, доколку со закон не е поинаку определено.

(5) Називот на локална установа и на приватна установа со седиште во единицата на локалната самоуправа, во која најмалку 20% од граѓаните зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик, може да се напише и на тој јазик и

се употребува само заедно со написот на називот на македонски јазик и неговото кирилско писмо.

Средства за работа на установата

Член 28

(1) Средства за работа на установата обезбедува основачот.

(2) Установите може да користат средства и од други извори како од сопствени приходи, приходи од услуги, донации, фондови, фондации, легати подароци, кредити, камати и слично, согласно со закон.

Посебни услови за почеток со работа на установата

Член 29

Со закон за одделна дејност од областа на културата може да се утврдат посебни услови за почеток со работа на установа.

Престанок со работа на установата

Член 30

(1) Основачот одлучува за престанок со работа на установата доколку:

- таа не ја врши дејноста утврдена со актот за основање и со закон,
- престане интересот за чие остварување е основана, и
- со правосилна пресуда се утврди ништовност на уписот во Централниот регистар на Република Македонија.

(2) Акт за престанок со работа на установата донесува основачот.

(3) Актот за престанок со работа на јавна установа задолжително содржи одредби за чување и за сместување на опремата, заштитените добра и документацијата во друга соодветна јавна установа.

(4) Имотот, правата и обврските на установата ги презема основачот.

Оддел 3

НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА

Основање

Член 31

(1) За остварување на националниот интерес во културата, Владата на Република Македонија со одлука основа национални установи, доколку со закон за одделна дејност во културата не е определено поинаку.

(2) Називот на националната установа содржи „Република Македонија“, грбот на Република Македонија, како и други соодветни ознаки пропишани за установа согласно со закон.

(3) При основањето национални установи Владата на Република Македонија се грижи за унапредувањето и за афирмирањето на културата на сите заедници.

(4) При основање на национална установа е потребно да бидат обезбедени следниве услови: основни финансиски средства за почеток со работа и одржливо вршење на дејноста, соодветни простории, како и потребните технички и човечки ресурси.

(5) Министерството за култура води регистар на националните установи.

(6) Содржината и начинот на водење на регистарот од став (5) на овој член ги пропишува министерот за култура.

Статут

Член 32

(1) Националната установа од областа на културата има статут со кој се уредуваат работата и организацијата на установата и обезбедувањето јавност во нејзината работа. Со статутот, особено се утврдуваат дејноста, организацијата, името, седиштето, предметот на работа и други прашања што имаат значење за установата утврдени со овој и со друг закон.

(2) Министерот за култура дава согласност на статутот од став (1) на овој член.

(3) За проширување и намалување на дејноста и за статусни промени на националната установа утврдени во актот за основање на установата од член 27 став (1) на овој закон согласност дава Владата на Република Македонија, доколку со закон не е определено поинаку.

План за работа на установата

Член 33

(1) Директорот на националната установа донесува план за работа на установата за период од три години.

(2) Планот содржи насоки за континуиран развој на установата, целите и приоритетите и се планираат потребните средства за работа на установата, и тоа средства од Буџетот на Република Македонија и средства од други извори утврдени со закон.

(3) Плановите од став (2) на овој член националните установи ги доставуваат до Министерството за култура.

Програма за работа на установата

Член 34

(1) Согласно со приоритетите во Годишниот план и со планираните средства за работа на националните установи утврдени во Годишниот план, директорот на националната установа во септември во тековната година донесува Нацрт-програма за работа на установата за наредната година. Во Нацрт-програмата за работа на националната установа, се содржани износите на средствата што се планираат за остварување на Програмата за работа на установата.

(2) Во Нацрт-програмата, посебно се изразени: средствата потребни за оперативни трошоци на установата, за плати и други надоместоци за вработените и за надворешните соработници кои ќе се ангажираат за остварување на Програмата, материјалните трошоци и трошоците за инвестициско одржување и набавка на опрема.

(3) Во Нацрт-програмата установите ги изразуваат средствата што планираат да ги остварат по други основи (сопствени приходи, приходи од услуги, донации).

(4) Во Нацрт-програмата посебно се изразуваат проектите со спецификација на трошоците на проектите.

(5) Програмата за работа на националната установа ја донесува директорот на установата, по претходно одобрение на Управниот одбор, во рок од 15 дена од денот на донесување на Одлуката од член 59 на овој закон.

(6) Програмата за работа на националната установа се доставува до Министерството за култура.

Јавност во работата на националните установи

Член 35

Националните установи се должни на својата Веб страница, преку средствата за јавно информирање или на друг соодветен начин да ја објават Програмата за работа на установата.

Органи на национална установа

Член 36

Органи на национална установа се директор и управен одбор

Директор на национална установа

Член 37

(1) Орган на раководење на национална установа е директор.

(2) Директорот на националната установа:

1. ја води работата на националната установа;

2. ја застапува установата и одговара за материјално-финансиското работење и за законитоста и економичноста на нејзината работа;

3. донесува план за работа на националната установа;

4. донесува Нацрт-Програма за работа на националната установа;

5. донесува Програма за работа на националната установа по претходно одобрение на Управниот одбор;

5. ги извршува одлуките на Управниот одбор;

6. донесува акт за организација на работата и систематизација на работните места;

7. донесува поединечни акти во врска со работниот однос на вработените согласно со закон;

8. избира и разрешува уметнички или програмски директор, односно друг вид директор и други раководни работници преку конкурс, согласно со статутот;

9. формира уметнички, односно стручен совет и други советодавни тела (трајни и повремени), согласно со статутот и

10. врши и други работи согласно со закон и статут.

(3) Во национална установа, покрај директорот, може да се избере и уметнички, односно програмски директор или друг вид директор кој е одговорен за реализацијата на уметничката, односно стручната работа на установата.

(4) Други надлежности на директорот може да се утврдат со статутот на установата.

Избор на директор

Член 38

(1) Директорот на националната установа од член 37 став (2) на овој закон се избира преку јавен конкурс, што се објавува во средствата за јавно информирање. Конкурсот го распишува Министерството за култура и трае најмалку 15 дена.

(2) Директорот од ставот (1) на овој член се избира за мандат од четири години и може повторно да биде избран.

(3) За директор на национална установа може да биде избрано лице кое:

- има високо образование, и
- работно искуство во областа на културата најмалку три години или најмалку три реализирани проекти од областа на културата.

(4) Други посебни услови за избор на директор се утврдуваат со статутот на установата.

Постапка за избор

Член 39

(1) Кандидатите за директор на конкурсот задолжително доставуваат свој предлог програма за работа и за развој на установата за период од четири години.

(2) Министерот за култура решава по конкурсот во рок од 30 дена од денот на завршување на конкурсот.

(3) На решението на министерот за култура може да се достави жалба до второстепена комисија на Владата на Република Македонија, во рок од осум дена.

(4) Жалбата не го одлага извршувањето на решението.

(5) Министерот за култура го избира и го разрешува директорот најдоцна три месеци пред истекот на мандатот на претходниот директор.

Менаџерски договор

Член 40

(1) Министерството за култура со директорот избран на Конкурс и со вршителот на должноста директор склучува менаџерски договор, со кој се регулираат правата и обврските на Министерството за култура и директорот односно вршителот на должноста директор.

(2) При склучување на менаџерскиот договор се имаат предвид видот на националната установа, статусот на матична установа, бројот на вработените, потребите на установата, дејноста на установата.

(3) Согласност на менаџерскиот договор дава Владата на Република Македонија.

(4) Посебни критериуми за елементите на менаџерскиот договор и за висината на платите на директорите во националните установи утврдува министерот за култура.

Престанок на работен однос

Член 41

По истекот на мандатот, односно престанокот на мандатот, работниот однос на директорот во установата каде е избран за директор, му престанува, доколку со закон не е поинаку определно.

Избор на друг вид директор

Член 42

Конкурсот за уметнички, односно програмски директор односно друг вид директор го распишува директорот на националната установа.

Одговорност на директорот

Член 43

(1) Директор на национална установа може да биде разрешен и пред истекот на мандатот за којшто е избран.

(2) Директорот може да биде разрешен:

1. по лично барање;

2. ако со акт на министерот за култура е утврдено дека Програмата за работа на националната установа не е во согласност со приоритетите утврдени со Годишниот план и со средствата утврдени во Одлуката од член 59 став (3) на овој закон,

3. ако со акт на инспекторот за култура е утврдено дека не ја остварува Програмата за работа на националната установа;

4. ако со извештај на државната ревизија е утврдено дека по негова вина е нанесена штета на установата;

4. ако не работи во согласност со закон и статут и со актите на установата или неоправдано не ги спроведува одлуките на управниот одбор или постапува спротивно од нив;

5. ако, во рокот определен во член 44 став (1) на овој закон не достави извештај за својата работа;

6. ако во рокот определен во членот 44 став (3) на овој закон не ги острани недостатоците во работењето;

7. по основ на раскинување на менаџерскиот договор од член 40 на овој закон; и

8. во други случаи утврдени со закон.

(3) Условите и постапката за разрешување уметнички, или програмски директор, односно друг вид директор се уредуваат со статутот на националната установа.

Работа на директорот

Член 44

(1) Директорот на националната установа е должен до министерот за култура на секои шест месеци да доставува извештај за финансиското работење на националната установа и за остварувањето на Програмата за работа на установата.

(2) Ако од извештајот од став (1) на овој член министерот за култура утврди недостатоци и/или загуби во финансиското работење, односно ако утврди дека Програмата не се спроведува согласно со утврдената динамика, директорот е должен да ги отстрани недостатоците и загубите во наредните шест месеци.

(3) Ако и по истекот на шест месеци директорот не ги отстрани утврдените недостатоци и во тој период повторно има недостатоци и/или загуби во финансиското работење и во остварувањето на Програмата, министерот за култура ќе го разреши директорот и ќе именува вршител на должноста директор согласно со член 45 од овој закон.

### Вршител на должноста директор

### Член 45

(1) Во случај кога не е избран директор на национална установа или предвреме му престанал мандатот, министерот за култура именува вршител на должноста директор, без конкурс, од редот на вработените.

(2) Вршителот на должноста директор ги има сите права и обврски на директор на национална установа.

(3) Вршителот на должноста директор се именува за времето до изборот на директор на националната установа, а најдолго за шест месеци.

(4) Министерството за култура, веднаш по именувањето вршител на должноста директор, распишува конкурс за директор.

### Спреченост за вршење на функцијата директор

### Член 46

(1) Во случај на отсутност или кога поради болест и од други причини директорот нема можност подолго време да ја врши функцијата, него го заменува програмскиот, односно стручниот или друг вид директор.

(2) Доколку во установата не е именуван друг вид директор, директорот овластува лице од редот на раководните работници или друго лице со висока стручна подготовка во установата да врши работи од интерес за непречено функционирање на установата се додека трае неговата спреченост да ја врши функцијата.

Орган на управување

Член 47

(1) Орган на управување на национална установа е управниот одбор.

(2) Управниот одбор го сочинуваат пет претставници што ги именува и ги разрешува министерот за култура, од кои двајца претставници се од редот на истакнати поединци од областа на културата, еден е од локалната самоуправа и двајца претставници од вработените во установата. Во установа со помалку од десет вработени, во управниот одбор се именува еден член од вработените, еден од локалната самоуправа и три члена од редот на истакнати поединци од областа на културата. Претставникот на локалната самоуправа во управниот одбор го предлага градоначалникот на единицата на локалната самоуправа каде што се наоѓа седиштето на установата.

(3) Ако градоначалникот на единицата на локалната самоуправа во рок од 15 дена од денот на доставувањето на барањето не предложи претставник за член на управниот одбор, министерот за култура ќе го именува членот од редот на истакнати поединци од областа на културата.

(4) Претседателот и членовите на управниот одбор на национална установа се именуваат врз принцип на стручност и компетентност, за мандат од четири години и може повторно да бидат именувани.

(5) Претседателот и член на управниот одбор може да бидат разрешени пред истекот на мандатот:

- по лично барање;

- ако работи спротивно на закон или установата не ја остварува својата функција;

- неоправдано отсуствува најмалку на три седници на управниот одбор;

- ако се утврди дополнително дека има лично, преку трето лице или по која било основа, интереси кои можат да имаат какво било влијание врз неговата независност и непристрасност;

- дал одобрение на Програмата за работа на националната установа која не е согласност со Годишниот план;

(6) На претседателот и на членовите на управниот одбор им следува соодветен надоместш што го определува Владата на Република Македонија на предлог на министерот за култура.

(7) Со статутот на установата може да се утврдат други посебни услови за именување и за разрешување претседател и член на управен одбор.

Надлежност на управниот одбор

Член 48

Управниот одбор на национална установа:

1. Донесува статут;

2. Ги утврдува политиката и принципите за развој и за работа на установата;

3. Дава одобрение за годишната програма за работа на установата по предлог на директорот;

4. Го усвојува годишниот извештај за работата на установата по предлог на директорот;

5. Дава согласност за актот за организација на работата и за систематизација на работните места на установата;

6. Донесува документи за финансиското работење на установата, согласно со прописите за материјално и финансиско работење;

7. Одлучува во втор степен за решенија што ги донесува директорот;

8. Донесува деловник за својата работа;

9. Еднаш годишно доставува извештај за својата работа до министерот за култура, и

10. Врши други работи утрдени со закон и статут.

(2) Работата на управниот одбор ја раководи претседателот согласно со Деловникот за работа на управниот одбор. Управниот одбор одлучува со мнозинство гласови од вкупниот број членови.

(3) Со статут на установата може да се утврдат и други надлежности на управниот одбор.

## Оддел 4
## ОСНОВАЊЕ, РАКОВОДЕЊЕ, УПРАВУВАЊЕ И ФИНАНСИРАЊЕ ЛОКАЛНИ УСТАНОВИ

### Основање локална установа

### Член 49

(1) Советот на општините, на градот Скопје и на општините во градот Скопје, донесува одлука за основање локална установа, според услови утврдени во овој закон.

(2) Локалната установа има статут со кој се уредуваат работата и организацијата на установата, името, седиштето, предметот на работа и други прашања што се од значење за работата на установата утврдени со овој или со друг закон.

(3) Советот на општините, на градот Скопје и на општините во градот Скопје дава согласност за статутот.

Орган на раководење

Член 50

(1) Орган на раководење на локалната установа е директорот.
(2) Градоначалникот го избира и го разрешува директорот на установата.
(3) Директорот на установата се избира преку јавен конкурс што се објавува во средствата за јавно информирање, најдоцна три месеци пред истекот на мандатот на претходниот директор. Конкурсот го распишува градоначалникот.
(4) Согласно со конкурсот кандидатите ги доставуваат потребните документи до управниот одбор на установата. Кандидатите за директор задолжително доставуваат своја предлог - програма за работа и за развој на установата.
(5) Пристигнатите документи ги рагледува тричлена комисија формирана од управниот одбор на установата. Комисијата е должна во рок од пет дена од завршување на конкурсот да ги разгледа доставените документи.
(6) Комисијата доставува предлог на кандидати до градоначалникот.
(7) Градоначалникот, во рок од 15 дена од денот на добивањето на предлогот, врши избор на директор.
(8) Директорот се избира за мандат од четири години и може повторно да биде избран.
(9) Посебните услови за избор на директор и постапката за избор се уредуваат со статутот на установата.
(10) Во случај кога не е избран директор на установата или предвреме му престанал мандатот, градоначалникот веднаш именува вршител на должноста директор, без конкурс, од редот на вработените. Вршителот на должноста директор се именува за времето до изборот на директор на установата, а најдолго за шест месеци.
(11) Вршителот на должноста директор ги има сите права и обврски на директор на установата.

Орган на управување

Член 51

(1) Орган на управување на локалната установа е управниот одбор.
(2) Управниот одбор го сочинуваат пет претставници кои ги именува советот на општините, на градот Скопје и на општините во градот Скопје од кои тројца се претставници од редот на истакнати стручни лица од областа на културата и двајца претставници од редот на вработените во установата.
(3)Управниот одбор на установата го донесува статутот на установата, ги утврдува политиката и принципите за развој на установата, ги предлага годишната програма за работа на установата, финансискиот план и годишната сметка на установата и врши други работи утврдени со актот за основање и со статутот на установата.

Финансирање на локалната установа

Член 52

(1) Средствата за финансирање на дејноста на локалните установи се обезбедуваат на начин и со постапка утврдени со закон.

(2) Установата доставува на усвојување годишна програма за работа, извештај за работа и финансиски план до советот на општините, на градот Скопје и на општините во градот Скопје.

(3) Средства за основање и за работа на локалните установи се обезбедуваат од буџетот на општината.

Оддел 5
Пренесување на надлежности

Одлука за пренесување на надлежности

Член 53

(1) Владата на Република Македонија, по предлог на министерот за култура, а по претходна согласност на единицата на локалната самоуправа, со одлука ги утврдува националните установи на кои единиците на локалната самоуправа им ги презема основачките права и кои ќе имаат статус на локална установа.

(2) Со Одлуката се утврдуваат прашањата за имотот, за опремата, за кадрите, за средствата и за други релевантни прашања.

Оддел 5
Национален уметник

Поим и доделување

Член 54

(1) Титулата национален уметник на Република Македонија, како највисоко признание од областа на културата се доделува на уметници кои:

- дале врвен придонес во градењето и унапредувањето на културата и уметноста на Република Македонија, како и за нејзина афирмација во светот,
- добитници се на домашни или странски награди,
- создале значаен опус на дела и изведби и
- дале особен придонес во создавањето и развојот на формите на креативниот израз и стил вршејќи влијание на следните генерации на уметници.

(2) Титулата национален уметник се доделува на уметници кои создаваат дела од уметничкото творештво или изведуваат дела како актери, режисери,

костимографи, сценографи, ликовни уметници (скулптори, архитекти, сликари, графичари, дизајнери, карикатуристи) вокално-инструментални солисти, диригенти, композитори, писатели, сценаристи, кореографи и балетски уметници.

(3) Титулата национален уметник ја доделува Владата на Република Македонија, врз основа на предлог на министерот за култура, а по претходно мислење на комисија.

(4) Во текот на една година можат да се доделат најмногу пет титули.

(5) Иницијатива за доделување титула на национален уметник може да достават јавна установа од областа на културата, високообразовни и научни установи и релевантни здруженија на граѓани. Иницијативата, заедно со елаборатот за творештвото на кандидатот, се доставува во Министерството за култура.

(6) Иницијативата ја разгледува комисија основана од министерот за култура, која е должна да утврди дали предлогот за национален уметник е во согласност со критериумите наведени во став (1) на овој член и во согласност со други посебни критериуми по видови на уметности и области во културата.

(7) Комисијата од став (6) на овој член е составена од најмалку пет члена, истакнати поединци од областа, за која се доделува титулата и има мандат од две години. Тројца од членовите се именуваат на предлог на Советот за култура, а двајца од членовите се именуваат на предлог на Македонската Академија на науките и уметностите .

(8) Комисијата доставува извештај до министерот за култура, ој содржи податоци за кандидатот, преглед на неговото творештво и уметнички изведби и оцена за исполнетоста на критериумите.

(9) Посебни критериуми за доделување на титулата националан уметник по видови на уметности и области во културата, утврдува министерот за култура.

Права по основа на титулата национален уметник

Член 55

(1) На носителот на титулата национален уметник, Република Македонија со средства од Буџетот на Република Македонија му доделува еднократен паричен надомест во износ од две годишни просечни плати, објавени од Државниот завод за статистика, за претходната година, во тековната година.

(2) На носителот на титулата национален уметник кој остварил право на пензија, Министерството за култура со средства од Буџетот на Република Македонија му исплаќа месечен паричен надомест во висина на разликата меѓу неговата пензија и 70% од највисоката пензија во Република Македонија, согласно закон, за претходната година, во тековната година.

(3) Надоместот од став (2) на овој член се исплаќа од денот на добивањето на титулата односно остварувањето на правото на пензија до крајот на животот.

(4) Носителот на титулата национален уметник има право, со средства од Буџетот на Република Македонија, да му се издаде монографија за неговото творештво.

(5) За правата од став (1), (2) и (4) на овој член, министерот за култура донесува решение.

Оддел 6
Амбасадор за култура
Постапка за доделување на титулата

Член 56

(1) Владата на Република Македонија, по предлог на министерот за култура, на истакнати и афирмирани личности од доменот на културата, кои се државјани на Република Македонија и со своето дејствување во странство значајно придонесуваат за презентирање на културата на Република Македонија во светот, им доделува титула амбасадор на културата на Република Македонија, со нивна согласност.

(2) Владата на Република Македонија свечено им доделува плакета на добитниците на титулата амбасадор на културата на Република Македонија. Титулата Амбасадор на културата на Република Македонија е почесна и без паричен надомест.

(3) Амбасадорот за култура има право во земјата во која е назначен јавно да ја истакнува својата титула. Истакнувањето на титулата треба да е на соодветен начин, со цел да се избегне впечаток дека се работи за кариерен амбасадор или дипломатско лице.

(4) Министерството за култура во Годишниот план може да предвиди средства што се неопходно потребни за реализација на активностите на амбасадорите на културата, како за организирање на остварување на културни активности и реализирање на други форми на културна соработка во земјата во која се назначени за амбасадори за културата.

(5) Доделување на средствата за активностите на амбасадорите на културата се врши по Годишниот конкурс за финансирање на проекти од национален интерес од член 60 на овој закон.

(6) Дипломатско-конзуларните претставништва во странство за извршување на активностите на амбасадорот на култура може да му обезбедат посебни услови за работа во смисла на користење на простории и опрема на дипломатско-конзуларните преставништва.

(7) За користење на простории и опрема од страна на амбасадорот за култура во дипломатско-конзуларно претставништво одлучува министерот за надворешни работи, по претходна согласност на министерот за култура.

ГЛАВА ШЕСТА
ФИНАНСИРАЊЕ НА КУЛТУРАТА
Начела на финасирање
Член 57

(1) Финансирањето во културата се остварува врз следниве начела:

- јавност,

- транспарентност,
- отчетност, и
- одговорност во работењето и постигнатите резултати.

(2) Средствата од Буџетот на Република Македонија се користат за афирмирање и унапредување на културата на сите заедници.

(3) Со средства од Буџетот на Република Македонија се кофинансираат прокети, односно програми од национален интерес.

Годишен план за остварување на националниот интерес

Член 58

(1) За реализација на Националната стратегија, Министерството за култура донесува годишен план за остварување на националниот интерес во културата.

(2) Годишниот план се донесува во јули во тековната година за наредната година.

(3) Во Годишниот план се утврдуваат облиците за поттикнување, развој и унапредување на културата, приоритетите во културата и се проектираат потребните финансиски средства.

(4) Реализацијата на Годишниот план се обезбедува во рамките на средствата утврдени во Буџетот на Република Македонија.

(5) Со Годишниот план се обезбедуваат услови особено за:

- континуирано остварување на дејноста на националните установи,
- проекти на уметници, самостојни уметници, локални и приватни установи, други правни и физички лица што се од национален интерес;
- програми на културно уметнички манифестации од национален интерес,
- програми за заштита на движно и на недвижно културно наследство,
- поттикнување на уметничкото творештво,
- издавање публикации,
- откупи на публикации и уметнички дела,
- обезбедување услови за рамномерен културен развој,
- поттикнување на културниот аматеризам,
- остварување меѓународна културна соработка врз основа на спогодби и програми за културна соработка со други држави, како и со меѓународни асоцијации чиј член е Република Македонија,
- задоволување на културните потреби на припадниците на заедниците во Република Македонија,
- задоволување на културните потреби на иселениците од Република Македонија,
- инвестициско одржување, осигурување, адаптација и итни интервенции на објектите од областа на културата,
- дигитализација и воведување нови технологии во установите од областа на културата,
- развојни програми во културата (работилници и семинари),
- културни активности на млади,
- културни активности на здруженија на граѓани,
- стипендирање на млади и талентирани кадри,
- културолошки истражувања,

- надоместоци за самостојни уметници,
- негување и заштита на духовно културно наследство,
- поддршка на проекти на лица со посебни потреби,
- инвестициски вложувања за изградба на инфраструктура во културата.

(6) Во Годишниот план се проектираат средствата наменети за финансирање на националните установи, за Годишниот конкурс за финансирање проекти од националниот интерес во културата и за други конкурси.

(7) Средствата од став (6) на овој член се планираат во висина од најмногу 80% од вкупниот износ на средствата проектирани во Буџетот на Министерството за култура за финансирање на проекти од областа на културата, согласно со прописите за буџетско работење.

Финансирање на националните установи

Член 59

(1) Работата на националните установи се финансира со средства од Буџетот на Република Македонија.

(2) Износите на средствата по национална установа се проектираат во Годишниот план.

(3) За распределба на средствата за работа на националните установи, министерот за култура донесува Одлука во рок од 30 дена од денот на донесувањето на Буџетот на Република Македонија.

(4) Одлуката од став (3) на овој член се објавува во средствата за јавно информирање и на Веб-страницата на Министерството за култура.

(5) Против Одлуката, може да се поднесе жалба до второстепена комисија на Владата на Република Македонија во рок од осум дена.

(6) Жалбата не го одлага извршувањето на Одлуката.

(7) Националните установи се должни на соодветен начин да го објават учеството на Министерството за култура во финасирањето на установата.

Годишен конкурс за финансирање проекти од национален интерес

Член 60

(1) Врз основа на Годишниот план, Министерството за култура објавува јавен конкурс за финансирање проекти од национален интерес во септември во тековната година за наредната година.

(2) Конкурсот содржи:

-приоритети по дејности, односно области, согласно со Годишниот план,

-услови за конкурирање,

- износот на средства наменети за финансирање на проекти од национален интерес,

- критериумите по дејности односно области врз основа на кои ќе се врши проценка на проектот,

- рок за доставување на пријавите,

- контакт лица од Министерството за култура од кои може да се добијат информации по конкурсот,

- субјекти кои може да конкурираат на конкурсот,и

- други информации.

(3) Со средства од Буџетот на Република Македонија може да се финансираат проекти од национален интерес во висина најмногу до 70% од вкупниот износ на средства за проектот.

(4) Исклучок, од став (3) на овој член се само проекти од исклучително значење за културата на Република Македонија кои може да се финансираат со цел износ.

(5) Во случаите од ставот (4) на овој член Министерството за култура има право да учествува во управувањето на проектот и во остварувањето на добивката сразмерно на вложените средства во однос на вкупниот износ на вложени средства. Правото на управување на проектот и правото на дел од добивка од проектот се регулираат во Договорот од член 65 на овој Закон.

(6) Конкурсот од ставот (1) на овој член се објавува во средствата за јавно информирање и трае најмалку 30 дена од денот на објавувањето. Конкурсот се објавува најмалку во еден од весниците што се издаваат на македонски јазик и весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик.

Доставување документација на Конкурсот

Член 61

(1) Пријавите на Конкурсот се доставуваат на пропишан образец кој содржи податоци за опис на активности на проектот, со цели и очекувани ефекти, финансиски план со вкупните потребни средства за реализација на проектот, спецификација на средства што се обезбедуваат од сопствени извори и средства што се бараат од Министерството за култура.

(2) Министерството за култура во следните три години нема да одлучува за проектите на Конкурсот поднесени од субјекти кои во текот на последните две години ненаменски ги потрошиле средствата добиени од Министерството за култура на конкурс, не го реализирале проектот или не доставиле извештај за реализација на проектот.

(3) Содржината и формата на обрасците на пријавите по конкурсот и образецот на Нацрт-Програмата на националната установа и елементите што треба да бидат содржани во проектите ги пропишува министерот за култура.

Работа на комисиите

Член 62

(1) Оцената на пријавите на конкурсите ја вршат стручни комисии, односно надворешни соработници на министерот за култура од член 71, став (1) на овој закон.

(2) Носител на проект, односно автор на проект не може да биде именуван за член на комисијата.

(3) Претседателот и членовите на комисиите доставуваат изјава дека немаат конфликт или судир на интереси во однос на пристигнатите пријави на Конкурсот.

(4) Комисиите и надворешните соработници од став (1) на овој член доставуваат до министерот за култура извештај во кои се содржани проектите кои врз основа на извршената евалуација се предлага да бидат прифатени, со износот на потребните средства и причини заради кои се предлага да бидат прифатени и проектите кои се предлага да не бидат прифатени по конкурсот со образложени причини за нивно неприфаќање.

(5) Доколку министерот не го прифати предлогот на комисијата, ги образложува причините за таквата одлука и за тоа ја известува комисијата.

Одлука по Годишниот конкурс за финансирање на проекти од национален интерес

Член 63

(1) Министерот за култура, во рок од 30 дена од денот на донесувањето на Буџетот на Република Македонија, донесува Одлука по Годишниот конкурс за финансирање на проекти од национален интерес во културата (во натамошниот текст: Одлука).

(2) Во Одлуката се содржани проектите кои врз основа на Конкурсот ќе се финансираат со средства од Буџетот на Република Македонија, со износ на средства по секој проект одделно и проектите кои не се прифатни на Конкурсот.

(3) Одлуката од став (1) на овој член во рок од осум дена од денот на нејзиното донесување се објавува во средствата за јавно информирање.

(4) Врз основа на Одлуката, Министерството за култура издава поединечни решенија на субјектите кои конкурирале на Конкурсот.

(5) Против решенијата од став (4) на овој член, може да се поднесе жалба до Второстепена Комисија на Владата на Република Македонија во рок од осум дена.

(6) Жалбата не го одлага извршувањето.

Други форми на финансирање на националниот интерес

Член 64

(1) Министерството за култура во текот на годината може да распише посебни конкурси за реализација на откупи на книги, откупи на музејски материјали и ликовни дела, развој на културни индустрии или нарачка на однапред утврдени приоритетни проекти од национален интерес.

(2) На конкурсите од став (1) на овој член соодветно се применуваат одредбите од членовите 60, 61, 62 и 65 на овој закон.

(3) Министерот за култура во рок од 30 дена од денот на завршување на конкурсите донесува Одлуки за резултатите од конкуростот.

(4) Одлуката се објавува на Веб страницата на Министерството за култура.

(5) Без конкурс може да се финансираат проекти кои се од капитално значење за културата:

- а се од меѓународната културна соработка,
- поврзани се со рамномерниот културен развој, и
- кои од објективни причини не можеле да бидат планирани до Годишниот конкурс од член 60 на овој закон, а се од национален интерес за културата.

(6) За распределба на средствата од став (5) на овој член одлучува министерот за култура по предлог на надворешните соработници и комисии кои одлучувале по Годишниот конкурс за финансирање на проекти од национален интерес.

Склучување на договори

Член 65

(1) Согласно со Одлуката од членовите 59, 63 и 64 на овој Закон, министерот за култура, во рок од 30 дена од денот на донесување на Одлуката, склучува поединечни договори и издава решенија за користење на средствата со националните установи и со други физички и правни лица (во натамошниот текст: корисници).

(2) Со договорот од став (1) на овој член, во зависност од обласета, односно дејноста во културата, се утврдуваат проектот за кој се доделуваат средства, висината на средствата, делот од проектот кој претставува национален интерес во културата, показателите врз основа на кои ќе се следи реализацијата на Договорот, динамиката со фази на реализација и рокот за реализирање, доставувањето извештаи, контролата на наменското користење на средствата и други прашања со кои се регулираат обврските и правата на корисниците.

(3) Корисниците се должни наменски да ги користат средствата добиени од Министерството за култура и по реализирањето на програмата, односно проектот, до Министерството за култура доставуваат извештај за извршување на програмата односно за реализација на проектот.

(4) На образложено барање од корисникот, Министерството за култура може да одобри пренамена на доделените средства, доколку корисникот заради непредвидени околности не можел да го реализира проектот за кој му се доделени средства на конкурс.

(5) За пренамена на доделените средства, министерот одлучува во иста постапка во која одлучувал за доделување на средствата.

(6) Ако, по потпишување на Договорот, висината на средствата за култура во Буџетот на Република Македонија, од објективни причини е намалена, Министерството за култура има право сразмерно да го намали износот на средствата наведен во договорот.

(7) Ако со намалувањето на средствата не е можно извршувањето на договорот, на предлог на министерот за култура договорот ќе се раскине.

(8 ) Министерството за култура може да склучи договор за повеќе годишно финансирање, доклку средствата за таа намена се обезбедат во Буџетот на Република Македонија за следните години.

(9) Инспекторот за култура врши контрола на наменското и законитото користење на средствата обезбедени од Буџетот на Република Македонија преку Министерството за култура. Министерот за култура може за потребите на надзорот да овласти и стручни лица или независни ревизори да вршат контрола над реализацијата на договорените проекти.

(10) На договорот за користење средства се однесуваат прописите за облигационите односи.

(11) Во националните установи од областа на културата инспекторот за култура врши контрола и на средствата стекнати од сопствени и од други извори.

Извештај на Министерството за култура

Член 66

(1) Министерството за култура во првиот квартал од тековната година, во средствата за јавно информирање и на Веб-страницата на Министерството за култура објавува Извештај за реализацијата на сите проекти што се финанирани од Министерството за култура, со средства од Буџетот на Република Македонија, за изминатата година.

(2) Извештајот содржи податоци за реализацијата на одобрените проекти на Конкурси, за програмите на националните установи и за другите средства доделени на проекти од член 64 став (5) на овој закон.

(3) Извештајот се доставува и до Владата на Република Македонија.

## ГЛАВА СЕДМА

## ПРАВА ОД РАБОТЕН ОДНОС

### Засновање на работен однос

### Член 67

(1) Работен однос во национална установа за вршење уметничка работа се заснова по пат на аудиција и реаудиција, а за вршење на стручна работа по пат на тестирање односно рецензија.

(2) Работен однос во национална установа се заснова согласно прописите за работните односи.

(3) Прашањата околу спроведувањето на аудицијата, реаудицијата, тестирањето и рецензијата во националната установа, се уредуваат со посебен општ акт на националната установа.

### Примена на одредби

### Член 68

Одредбите за права од работен однос во национална установа соодветно се применуваат и во локалните установи.

### Штрајк

### Член 69

Штрајк во национална установа се остварува согласно со закон.

## ГЛАВА ОСМА

## СТРУЧНИ, СОВЕТОДАВНИ И ДРУГИ ТЕЛА

### Совет за култура

### Член 70

(1) Во Министерството за култура се основа Совет за култура, како стручно и советодавно тело на Владата на Република Македонија за прашања од областа на културата (во натамошниот текст: Совет)

(2) Членовите на Советот ги именува Владата на Република Македонија на предлог на министерот за култура, од редот на истакнати уметници, стручни лица од областа на културата и од јавниот и општествениот живот, по принципот на

стручност и компетентност и на соодветната и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници, за време на мандатот на министерот за култура.

(3) Советот:

- дава мислење по предлогот за донесување на Националната стратегија,
- дава мислење по Годишниот план за остварување на националниот интерес,
- дава мислење по предлози на закони и подзаконски акти на Министерството за култура,
- дава предлози за прашања од областа на културата поврзани со меѓуресорската соработка (образование, урбанизам, финансирање и меѓународна соработка),
- дава стручни мислења и препораки за развој на културата,
- дава мислења по други прашања од надлежност на министерот за култура,
- донесува деловник за својата работа.

(4) Советот дава мислење по актите од став (3) алинеја 1, 2 и 3 на овој член во рок од најмногу 30 дена од денот на нивното доставување.

(5) Советот најмалку еднаш годишно поднесува извештај за својата работа до Владата на Република Македонија.

(6) На претседателот и членовите на Советот за култура им следува соодветен паричен надомест што го определува Владата на Република Македонија.

Стручни и советодавни тела на министерот за култура

Член 71

(1) Министерот за култура може да основа и стручни и советодавни тела и да именува надворешни соработници за прашањата од неговата надлежност утврдени со овој закон или за реализација на определени проекти од национален интерес за културата. Со актот за основање на телата, односно за именување на надворешните соработници, се определуваат задачите и роковите за нивното работење имајќи ја предвид соодветната и правичната застапеност на сите заедници.

(2) На членовите на стручните и советодавни тела и на соработниците од ставот (2) на овој член, за извршената работа им следува соодветен надомест, што го определува министерот за култура.

(3) Министерот за култура го пропишува начинот на утврдување на висината на надоместот на претседателот и членовите на Советот и за членовите на стручните тела и надворешните соработници, во зависност од сложеноста на работите, стручниот ангажман, реалните трошоци на услугата, времетраењето на услугата и целите заради кои се бара услугата.

Здруженија на граѓани

Член 72

Здружение на граѓани од областа на културата во согласност со закон за потребите на Министерството за култура може да:

- Учествува во подготовка на законски прописи и подзаконски акти од областа на културата,
- Организира јавни трибини и стручни расправи при подготвување на закони и други прописи од надлежност на Министесрртвото за култура,
- Дава консултантски услуги при одлучување за позначајни прашања од областа на културата,
- Врши други работи согласно со овој закон.

Аналитичко-информативен центар на Министерството за култура

Член 73

Заради континуирано следење, анализирање и обработка на податоци од областа на културата во состав на Министерството за култура, согласно закон се основа посебна организациона единица, преку која се обезбедува:

-изработка на бази на податоци за установите од областа на културата, творци и уметници, како и настани и манифестации од областа на културата,

- анализа и евалуација на Годишните програми за финансирање на националниот иинтерес во културата,

- развивање на форми за обезбедување на потребни средства од странски фонадации и донатори, за проекти од интерес на Министерството за култура,

- анализа на можностите, капацитетите и перспективите за развој на културните индустрии,

- анализа на новосоздадените културни потреби на граѓаните во Република Македонија,

- информатичко поврзување на установите од областа на културата,

- обезбедување на јавно достапни, сеопфатни и точни информации за културата во Република Македонија, и

- вршење на други аналитичко-информативни работи за Министерството за култура

ГЛАВА ДЕВЕТА
НАДЗОР ВО ОБЛАСТА НА
КУЛТУРАТА

Член 74

Надзор над спроведување на законите од областа на културата и другите прописи во областа на културата, како и прописите донесени врз основа на овој закон врши Министерството за култура согласно со овој закон.

Оддел 1.
Управен надзор

Член 75

Управниот надзор над спроведување на законите и другите прописи во областа на културата го врши Министерството за култура, согласно со закон.

Член 76

(1) Во вршењето управен надзор над субјектите што вршат дејност од областа на културата, Министерството за култура има право и должност да запре делумно или во целост од извршување општ или поединечен акт што не е во согласност со законот, односно со општиот акт со кој мора да биде во согласност.

(2) Министерството за култура, доколку запрело од извршување општ акт на субјектите што вршат дејност од областа на културата, за кој смета дека не е во согласност со Уставот на Република Македонија и со закон од областа на културата, е должно во рок од осум дена од денот на донесувањето на решението за запирање, да поведе постапка пред Уставниот суд на Република Македонија за оценување на уставноста, односно законитоста на запрениот акт.

(3) Министерството за култура доколку запрело од извршување поединечен акт за кој смета дека не е во согласност со закон од областа на културата или со општ акт со кој мора да биде во согласност, е должно, во рок од осум дена од денот на донесувањето на решението за запирање да поведе постапка пред надлежен суд.

(4) Ако Министерството за култура во рокот утврден во ставовите (2) и (3) на овој член не поведе постапка пред надлежен суд, решението за запирање престанува да важи и актот што е запрен може да се применува.

Оддел 2

Инспекциски надзор

Член 77

(1) Инспекцискиот надзор над спроведувањето и примената на законите и другите прописи во областа на културата врши Министерството за култура преку државни инспектори за култура (во натамошниот текст: инспектор).

(2) Инспектор може да биде лице кое покрај општите услови за засновање работен однос на државен службеник определени со закон, треба да ги исполнува и посебните услови:

1. да има соодветно високо образование (правен или економски факултет) и

2. да има работно искуство над две години во органите на државната управа или три години во струката по дипломирањето.

(3) Раководител инспектор може да биде лице дипломиран правник и кое ги исполнува општите услови за засновање работен однос на државен службеник определени со закон и со најмалку пет години работно искуство во струката по дипломирањето, од кои три години како инспектор.

Легитимација на инспекторот

Член 78

(1) Инспекторот има легитимација, со која се легитимира при вршењето на инспекцискиот надзор.

(2) Формата и содржината на образецот на легитимацијата и начинот на нејзиното издавање и одземање ги пропишува министерот за култура.

Вршење увид

Член 79

(1) Инспекторот врши увид во работењето на установите и на другите правни лица што вршат дејности од областа на културата, како и на други субјекти чие работење подлежи на надзор согласно со прописите од областа на културата, за работи од културата, по службена должност или по пријава.

(2) Инспекторот е овластен да врши инспекциски надзор во секое време во просториите, односно на местото каде што се врши дејноста од областа на културата.

(3) Инспекторот може да врши инспекциски надзор и во отсуство на директорот и на одговорното лице на правното лице што врши дејност од областа на културата.

(4) Во вршењето на увидот, инспекторот е должен на субјектите каде што се врши увидот да им дава помош во спроведувањето на законите и други прописи од областа на културата.

(5) Субјектите над кои се врши инспекциски надзор се должни на инспекторот за култура да му овозможат непосреден увид во службените акти, списи и други предмети, а по потреба на барање на инспекторот, истите да му ги достават во рок кој тој ќе го определи.

Надлежност на инспекторот

Член 80

Во вршењето на работите од својата надлежност инспекторот е овластен:

1. Да оствари увид во извршувањето на законите и на други прописи и да бара потребни податоци за тоа;

2. Да нареди извршување на законите и на други прописи и мерки, односно отстранување на недостатоците што произлегуваат од примената на незаконски мерки и акти или од повреда на закон или друг пропис;

3. Да забрани спроведување на незаконски мерки;

4. Да изрече заштитни мерки, привремено одземање предмети користени, наменети или создадени со прекршок;

5. Ако повредата на законот, односно прописот, претставува кривично дело или прекршок, инспекторот е овластен да поднесе барање, односно предлог за поведување постапка;

6. За потребите на надзорот да користи услуги на стручни установи и на стручни лица, како и асистенција на стручни лица од други надлежни органи;

7. Да врши и други работи согласно со закон.

Извештај за извршен надзор

Член 81

(1) За извршен инспекциски надзор над работењето на установите и другите правни лица што вршат дејност од областа на културата, односно субјектите чие работење подлежи на надзор согласно прописите од областа на културата, за работи од областа на културата, инспекторот составува записник односно извештај кој содржи: вовед, основни податоци за установата, утврдените состојби со констатација и предлог мерки.

(2) Ако со извештајот односно записникот се констатираат неправилности и се предлагаат мерки инспекторот донесува решение. Во решението се определува и рокот за извршување на мерките, кој не може да биде подолг од 30 дена.

(3) Против решението од став (2) на овој член, може да се поднесе жалба до второстепена комисија на Владата на Република Македонија, во рок од осум дена од денот на доставувањето на решението.

(4) Жалбата не го одлага извршувањето на решението.

### Одземање на предмети

### Член 82

(1) Кога со пропис е предвидена можност за одземање на предмети со кои е сторено кривично дело или прекршок, инспекторот може привремено да ги одземе предметите за што е должен да издаде потврда со точен опис и количина на одземените предмети.

(2) Во пријавата за покренување на постапка за сторено кривично дело, односно барање за покренување на прекршочна постапка инспекторот е должен да ја наведе и преземената мерка од став (1) на овој член.

### Надзор над работата на општината

### Член 83

При вршењето на надзорот над работата на органите на општината, Министерството за култура ги врши следниве работи:

1. ја следи законитоста на работата на органите на општината и презема мерки и активности и поднесува иницијативи за остварување на надлежностите на општината во согласност со овој Закон;
2. оценува дали органите на општината ги извршуваат надлежностите согласно со овој Закон;
3. дава препораки за доследно спроведување на надлежностите на општината во рамките утврдени со овој закон, по барање на органите на општината;
4. ја следи законитоста на решенијата што ги донесува градоначалникот во решавањето на одделните права при изборот на директорот на установата и
5. навремено ги известува органите на општината за констатираните состојби во нивната работа и за преземените мерки при вршењето на надзорот.

(2) За преземените мерки по основ на надзор над општината Министерството за култура го известува Министерството за локална самоуправа како надлежен орган.

Примена на други прописи

Член 84

Во вршењето на надзорот инспекторот за култура ги применува одредбите од Законот за општата управна постапка и Законот за прекршоците, доколку со овој закон не е поинаку определено.

ГЛАВА ДЕСЕТА

ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ

Член 85

(1) Глоба во износ од 2.500 до 5.000 евра во денарска противредност ќе му се изрече за прекршок на правно лице што :

1. врши дејност од областа на културата за која не е регистриран (член 24);
2. донесува акти спротивно на овој закон (член 32);
3. не донесе план за работа на установата (член 33 став (1));
4. не донесе Нацрт-програма за работа на установата (член 34 став (1));
5. не донесе Програма за работа на установата во утврдениот рок (член 34 став (5));
6. не ја објави Програмата за работа на установата (член 35);
7. не достави извештај до министерот за култура (член 44 став (1));
8. ненаменски ги користи средствата добиени од Министерството за култура или не доставува извештај (член 65 став (3));
9. не му овозможува увид на инспекторот и не му ги дава бараните податоци и известувања (член 79);
10. не ги извршува наредените мерки или дејствија или спроведува незаконски мерки и покрај наредбата на инспекторот за култура (член 80 став (2));
11. не ја усогласува својата работа и актите со овој закон (член 90);
12. не донесе план за работа на установата во рок утврден во член 90 на овој закон (член 90 став (5)) .

(2) Глоба во износ од 1.000 до 2.000 евра во денарска противредност ќе му се изрече за прекршок и на одговорното лице во правното лице кога до прекршокот од став (1) на овој член дошло со негово дејствие или со негово пропуштање на задолжителен надзор.

(3) Глоба во износ од 1.000 до 2.000 евра во денарска противредност ќе му се изрече и на трговецот-поединец за прекршокот од ставот (1) точките 1 и 7 на овој член.

(4) За прекршокот на став (1) на овој член на правното лице може да му се изрече и забрана за вршење одделна дејност во траење од една до три години.

Прекршочен орган

Член 86

За прекршоците утврдени во членот 85 на овој закон, прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува надлежниот суд.

Порамнување

Член 87

(1) За прекршоците во членот 85 на овој закон, инспекторите за култура се должни на сторителот на прекршокот да му предложат постапка за порамнување пред да поднесат барање за прекршочна постапка.

(2) Кога сторителот на прекршокот е согласен за поведување на постапка за порамнување, инспекторот за култура составува записник во кој се забележуваат битните елементи на дејствието од кое произлегува правното обележје на прекршокот, времето, местото и начинот на сторување на прекршокот, описот на дејствието на прекршокот и лицата затекнати на самото место.

(3) Во записникот се определува начинот на кој ќе се отстранат штетните последици од прекршокот, како и начинот на надминување на последиците од сторувањето на прекршокот.

(4) Инспекторот за култура во постапката за порамнување на сторителот на прекршокот му дава платен налог.

(5) Ако сторителот го признае делото што му се става на товар или ако овластеното службено лице прекршокот го утврди лично, службеното лице веднаш ќе издаде платен налог.

(6) Платниот налог за прекршок содржи: лично име и адреса и единствен матичен број на граѓанинот, ако се работи за странец и број на патна исправа и држава, податоци за вработување на сторителот, за правното лице, назив и седиште и даночен број, место и време на сторување на прекршокот, правна квалификација на прекршокот, износот на глобата, број на сметка за плаќање и правна поука.

(7) Се смета дека сторителот на прекршокот со потписот на приемот на платниот налог се согласува да ја плати глобата. Потпишувањето на платниот налог за сторителот на прекршокот се забележува во записникот.

(8) Кога како сторител на прекршок се јавува правно лице, записникот и платниот налог го потпишува службено, односно одговорното лице кое се нашло на лице место при инспекцискиот надзор или друго службено или одговорно лице кое изјавило дека има право да го потпише записникот и да го прими платниот налог.

(9) Изјавата од став (8) на овој член се забележува во записникот.

(10) Сторителот е должен да ја плати глобата утврдена во платниот налог во рок од осум дена од денот на приемот на платниот налог на сметка на органот означен во платниот налог. Сторителот кој ќе ја плати глобата во тој рок, ќе плати само половина од најнискиот износ на глоба утврдена со закон. Поуката за тоа право е дел од правната поука на платниот налог.

(11) Во постапката која ќе заврши со издавање на платен налог не се плаќаат трошоците на постапката.

(12) Ако сторителот не ја плати глобата во рокот утврден во став (10) на овој член, овластеното лице ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка до надлежниот суд.

(13) Инспекторите за култура се должни да водат евиденција за покренатите постапки за порамнување и за нивниот исход.

## ГЛАВА ЕДИНАЕСЕТА
## ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Донесување на Националната стратегија
### Член 88

Националната стратегија ќе се донесе во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој закон.

### Донесување на подзаконски акти и одлука
### Член 89

(1) Подзаконските акти предвидени во овој закон, министерот за култура ќе ги донесе во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

(2) Одлуката од член 41 и член 47 став (6) на овој закон ќе се донесе во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

### Усогласување со работа
### Член 90

(1) Установите и правните лица што вршат дејност од областа на културата ќе ја усогласат својата работа и општите акти со одредбите на овој закон во рок од шест месеци од денот на влегување во сила на овој закон.

(2) Самостојните уметници се должни да ја усогласат својата работа со одредбите на овој закон во рок од шест месеци од денот на влегување во сила на овој закон.

(3) Самостојните уметници кои во постапка пропишана со Законот за културата ("Службен весник на Република Македонија" бр. бр.31/98,49/03, 82/05, 24/07 и 15/08) се стекнале со статус на самостоен уметник, а на денот на влегувањето во сила на овој закон им недостасуваат пет години до исполнување услови за остварување на право на пензија стекнатото право под услови утврдени со овој Закон им се продолжува до исполнување на условите за стекнување на право на пензија.

(4) Министерството за култура е должно да основа посебна организациона единица од член 73 на овој закон во рок од шест месци од денот на влегување во сила на законот.

(5) Националните установи се должни во рок од три месеци од денот на влегување во сила на Законот до Министерството за култура да достават план за работа на установата за следните три години.

Завршување на започнати постапки

Член 91

Започнатите постапки по Конкурсите на Министерството за култура за финансирање на проекти од национален интерес во културата, за самостојни уметници, пред денот на отпочнување на примена на овој закон ќе завршат според Законот за културата ("Службен весник на Република Македонија" бр. бр.31/98,49/03, 82/05, 24/07 и 15/08).

Влегување во сила

Член 92

Со денот на отпочнување на примената на овој закон, престанува да важи Законот за културата („Службен весник на Република Македонија" бр.31/98, 49/03, 82/05, 24/07 и 15/08).

Примена

Член 93

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе отпочне да се применува од 1 март 2010 година.